РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
Број / Numer: 0201-399/9
07.02.2024 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

**ЗАПИСНИК**
**од прво продолжение на 4-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**одржано на 29.01.2024 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААМУ, Селвер Ајдини заменик на претседател на Советот на АААМУ, м-р Алма Машовиќ, д-р Методија Јанчески, Лазар Трајчев, Зоран Фиданоски.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата: /**

**На седницата беше присутен д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба:** м-р Драгица Љубевска, Цветанка Митревска, м-р Магдалена Давидовска Довлева, Маја Дамевска, д-р Ивана Стојановска.

**Други присутни:** Илија Џингоски, полномошник на ТРД Радио ХИТ ФМ ДООЕЛ Скопје.

Г-дин Петрушевски го отвори првото продолжение на 4-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 15:30 часот и се одржа во просториите на Агенцијата, конференциска сала, втори кат.

Г-дин Петрушевски објасни дека ќе се одлучува по една точка која што беше одложена на 4-та седница со наслов „ Предлог - одлука за одземање на дозволата за радио емитување на ТРД Радио ХИТ ФМ ДООЕЛ Скопје“. Но, бидејќи во меѓувреме радиодифузерот ги достави потребните документи кои се во согласност со Законот, предложи формулацијата на насловот да се смени и да гласи „Предлог за запирање на покрената постапка за одземање на дозволата за радио емитување на ТРД Радио ХИТ ФМ ДООЕЛ Скопје“.

Советот на Агенцијата едногласно, со 6 гласа „за“, го усвои предлогот.

Раководителката на Секторот за стратешко планирање и авторски права м-р Магдалена Давидовска Довлева го образложи Предлогот за запирање на покрената постапка за одземање на дозволата за радио емитување на ТРД Радио ХИТ ФМ ДООЕЛ Скопје. Објасни дека на 26.01.2024 година радиодифузерот во архивата на Агенцијата достави документи од Агенцијата за вработување од кои може да се констатира дека се пријавени за вработување 4 лица со полно работно време, со што се исполнети минималните кадровски услови. Наведе дека според доставените обрасци М1, датумот на пријавување за вработување е 29 јануари и исто така што може да се види од доставените документи дека вработените лица се пријавени на определено време од 1

месец. Оттука рече дека за еден месец ќе треба да се направи повторно вонреден надзор, но во овој момент се исполнети минималните кадровски услови.

Г-дин Петрушевски рече дека ова е еден мал позитивен чекор на медиумот за да не ја загуби дозволата. Се изјасни дека ќе го поддржи предлогот.

Г-дин Фиданоски согласно дискусијата констатира дека во овој момент ТРД Радио ХИТ ФМ ДООЕЛ Скопје ги исполнува минималните кадровски услови до 29 февруари и на 1-ви март треба да се направи повторно надзор дали има континуитет во исполнувањето на законските обврски.

Советот на Агенцијата едногласно донесе Решение за запирање на покренатата постапка за одземање на дозволата за радио емитување на ТРД Радио ХИТ ФМ ДООЕЛ Скопје, Уп1 бр.08-78 од 07.09.2023 година.

Согласно Писмениот извештај за извршен вонреден административен надзор бр.0305-498/1 од 29.01.2024 година, ТРД Радио ХИТ ФМ ДООЕЛ Скопје ги исполнува минималните кадровски услови утврдени во Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното Решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

______________________

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**